# Упатство за начинот на евидентирање на боледувањата

Со воведувањето на Електронскиот дневник од страна на МЗ, една од информациите кои се негов составен дел е евиденцијата на издадените боледувања од матичните лекари кон пациентите. Опцијата за евидентирање на боледувањата е присутна во Prima MEDICA од самиот почеток, при што боледувањето се евидентираше во склоп на првиот преглед и беше поврзано со истиот.

Правилата за креирање на електронскиот дневник сега налагаат мала измена во начинот на евидентирање на боледувањата, со тоа што боледувањето треба да се затвори при повторната контролна посета на пациентот која му ја одредил матичниот лекар кога му издал боледување. Измената се состои во следното:

Кога на пациентот му се одредува боледување, истото **задолжително** се евидентира во прегледот, при што не се пополнува датумот до кога истото трае. Во моментот на креирање датумот до кога трае боледувањето е оневозможен за пополнување.




Овој датум заедно со крајната дијагноза ќе се пополнат при ‘затворање’ на боледувањето , односно кога пациентот ќе дојде на контролен преглед. Ова е всушност и измената во начинот на евидентирање, бидејќи одсега не треба да се бара стариот преглед за пациентот па во него да зе внесе датумот на завршување на боледувањетп, туку во самиот контролен преглед се оди на опцијата БОЛЕДУВАЊА и во табелата на

претходни боледувања која е во долниот дел на екранот се клика два пати на боледувањетп кое треба да го затвориме.

Во случај кога боледувањето е за еден ден или пак сакате веднаш да го затворете во моментот на внесување, во тој случај се запишува боледувањето без податоци за краен датум и крајна дијагноза и потоа со двоен клик  долу во табелата на записот од боледувањето , ќе се појави малото прозорче за затварање на истото.